Ние ја имаме таа судбина да секоја генерација Македонци се соочува со своја борба поврзана околу нашето битие, идентитет и државност. Ова е нашата вековна идентитеска борба која се манифестира во разни форми, преку вооружена борба, градење на институции, дипломатски или пак на референдум.

Илинденците како и Асномците се бореа херојски, храбро гинејќи за идеалите на Македонската државност и идентитет се до нејзино оформување во 1944 со АСНОМ-ското собрание. Но имање на своја држава не значеше и прекин на борбата. Во Федерална Република Македонија борбата, иако тивка сепак траеше. На што Блаже Конески ќе каже, ‘Големо ни е Името, ќе сакаат да ни го земат’.

Со осамостојувањето на Република Македонија во 1992 и оспорувањето од страна на Грција, нашата идентитетска борба се распламти и продолжи но овој пат, на дипломатско поле.

Но сега, 26 години од остварување на историскиот сон на нашите предци и на сите нас да имаме своја Македонска држава, се најде предавник, еден од нас, да посегне по она што е дел од нас, во себе што го носиме, и за она што генерации пред нас гинеа и макотрпно се бореа, нашето име. Името Република Македонија е дел од нашиот идентитет и со менувањето на името на РМ ќе се смени дел од нас и тоа ние треба да го спречиме.

Со имплементација на срамниот договор од наша страна, постои ризик Грчкиот парламент никогаш да не го ратификува истиот оставајќи не заглавени со срамно име и

обезличени. Втората и исто толку погубна варијанта е грчкиот парламент да го ратификува договорот и Македонија под срамно име да влезе во НАТО, но некоја идна Грчка влада да стави вето во нашето напредување кон ЕУ. Исто како што Грците направија со привремениот договор со Република Македонија кој во 2008 го прекршија.

Ова е можно да се случи зошто со сегашниов договор, Грција не го признава македонскиот идентитет а поголемиот дел од Грчките политички партии никогаш нема да се помират дека дел од името на нашата држава го содржи името Македонија. Ова е еден разлог повеќе зошто да не го имплементираме договорот.

Ова е наша борба во кој ние мора да победиме.

Затоа ние повикуваме на бојкот на Референдумот на 30ти Септември 2018 затоа што е најефективен чекор кон поништување на срамниот договор. Успешен бојкот ја гарантира политичкиот пад на оваа срамна влада предводена од Заев но исто така ќе ги присили нашите идни лидери да бараат алтернативни решенија кои ќе придонесат до економски, политички и меѓуетнички просперитет во Република Македонија.

Заслужуваме Подобро.